Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-374/9
30-06-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-374/1 од 22.4.2025 година поднесена од со адреса на живеење на Берово против директорка на ОСУ „Ацо Русковски"- Берово – и градоначалник на Општина Берово – за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 12.6.2025 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на на ОСУ „Ацо Русковски"- Берово – и градоначалникот на Општина Берово – врз а врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 22.4.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") е поднесена претставка заведена под архивски број 08-374/1 и Дополнување на претставка со арх. бр. 08-374/2 од страна на против директорката на ОСУ „Ацо Русковски"- Берово – и градоначалникот на Општина Берово – врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Подносителката на претставката наведува дека до директорката поднела барање за отсуство без надоместок на плата заради обединување на семејството. Таа наведува дека надвор од законскиот рок добила негативен одговор од страна на директорката со образложение дека градоначалникот на Општина Берово – е дозволувал на подносителката да ѝ биде одобрено отсуството. Во таа смисла, подносителката наведува дека како доказ од страна на дирекоторката ѝ била покажана електронска комуникација со градоначалникот. Подносителката објаснува дека обединувањето на семејството било врзано со рокови и дека доколку не ѝ било одобрено отсуството, ќе била принудена да го напушти работното место. Во таа насока наведено е дека ова право им било овозможено на други професори, а за неа истото било ускратено. Подносителката објаснува дека таа е професор повеќе од 15 години и успешно ја извршувала работата без разлика кој бил градоначалник на општината. Таа наведува дека единствената разлика меѓу неа и нејзините колеги била партиската определба и смета дека ѝ се вршело притисок за да го напушти работното место.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.4.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до директорката на ОСУ „Ацо Русковски"- Берово – градоначалникот на Општина Берово –

На ден 8.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката од страна на градоначалникот на Општина Берово - заведено под архивски број 08-374/5.

Наведено е дека градоначалникот нема надлежност да одлучува по барања од вработените на училиштето. Исклучива надлежност да одлучува по барањата имала директорката на училиштето и училишниот одбор. Понатаму, наведено е дека наведената електронска комуникација меѓу градоначалникот на општината и директорката на училиштето не постоела. Во таа смисла, градоначалникот немал право, ниту обврска да знае кој од вработените во училиштето користел неплатено отсуство.

На ден 8.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката од страна на директорка на ОСУ „Ацо Русковски"- Берово – заведено под архивски број 08-374/6.

Од страна на директорката е наведено дека најпрвин било донесено негативно решение по барањето на подносителкта од причина што учебната година сѐ уште не била завршена и учениците имале тестови и писмени работи, корекции на оценки и формирање на годишни оценки. Понатаму, наведено е дека подносителката како професор била дел од комисијата за интерни испити во рамките на државната матура. Согласно член 92 од Законот за средно образование: „Директорот ја организира и раководи со воспитно-образовната работа, самостојно донесува одлуки, го застапува училиштето пред трети лица и е одговорен за законитоста на работата на училиштето" и член 25 од Колективниот договор за средно образование, директорот ја носи одлуката за отсуство без надомест. Во таа насока, наведено е дека директорот внимава да нема последици по учениците, распоредот и државната матура, односно да не се наруши воспитно-образовниот процес. **Од причина што во училиштето немало друг соодветен професор по предметот хемија и подносителката била член на комисијата за испити за матура каде задолжително морало да има два члена кои се соодветни, било одлучено да не се одобри барањето на подносителката додека трае наставната година, туку да се одобри по завршувањето на истата. Дополнително на ова, наведено е дека од страна на училиштето бил побаран список од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за лица кои се стекнале со соодветно образование – професор меѓутоа добиле одговор дека немало евидентирани такви лица. Во продолжение, наведено е дека на подносителката ѝ било соопштено дека ќе може да го оствари правото на отсуство без надомест по завршувањето на учебната година. На крајот од произнесувањето е наведено дека постапувајќи по правен лек од добиеното негативното решение, бил доставен приговор до Училишниот одбор, по што бил усвоен приговорот. Наведено е дека директорката донела решение во кое се одобрува правото на неплатено отсуство и истото било доставено до подносителката.**

На ден 15.5.2025 година, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до ОСУ „Ацо Русковски"- Берово по електронски пат беше доставено Барање за доставување на информации, со арх. бр. 08-374/7. Од страна на Комисијата беше побарано да биде доставено споменатото решение со кое на подносителката ѝ се одобрува правото на неплатено отсуство.

На ден 19.5.2025 година на е-поштата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен Одговор на барањето од страна на ОСУ „Ацо Русковски"- Берово, заведено под архивски број 08-374/8. **Во прилог беше испратено Решение за мирување на правата од работен однос со бр. со кое на подносителката се одобрува користењето на отсуство без надоместок на плата до 3 месеци.**

**Ценејќи ги наводите во претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај утврди дека не**

**сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на директорката на ОСУ „Ацо Русковски"- Берово – градоначалникот на Општина Берово – рз**

**Во таа смисла, член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

**Со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** *„се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

**Во конкретниот случај, подносителката не стори веројатно дека била ставена во понеповолна положба поради политичко уверување. Првичната одлука за одбивање на нејзиното барање за отсуство без надоместок на плата била донесена од страна на директорката врз основа на објективни и образложени причини. Имено, учебната година сѐ уште била во тек, подносителката имала активно учество во комисијата за државна матура, а училиштето немало друг кадар со соодветна стручна подготовка кој можел да ја замени. Дополнително, не беа доставени конкретни и споредливи докази дека други наставници, кои се наоѓале во слична ситуација, биле поповолно третирани, ниту дека постапката била водена селективно.**

**Не беше сторено веројатно ниту дека градоначалникот на Општината имал влијание врз негативното решение. Дотолку што, откако Училишниот одбор го разгледал приговорот, решението било изменето во корист на подносителката, со што ѝ било одобрено неплатеното отсуство. Од тие причини, Комисијата оцени дека нема елементи за постоење на дискриминација врз основа на политичко уверување, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

-
- ОСУ „Ацо Русковски“- Берово, ул. „Даме Груев“ 6б, 2330 Берово
- Општина Берово, ул „Димитар Влахов“ бр. 10, 2330 Берово

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk